Врз основа на член 20 став 3 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на РМ" бр. 24/06), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува

**ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ОТКУПУВАЧИ НА ТУТУН**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на регистарот на откупувачи на тутун.

Член 2

Регистарот на откупувачи на тутун е во форма на книга со димензии 30 см x 21 см во кој се содржани евиденциски листови.

Насловната страница на регистарот на откупувачи на тутун ги содржи следните податоци:

- горе на средината се отпечатени грбот на Република Македонија, Република Македонија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Скопје
- во средината се отпечатени со големи букви РЕГИСТАР НА ОТКУПУВАЧИ НА ТУТУН.

Член 3

Евиденцискиот лист од регистарот на откупувачи на тутун ги содржи следните податоци:

- горе лево се отпечатува редниот број под кој се евидентира откупувачот
- во средината се отпечатува Евиденциски лист за откупувачот и под него името на откупувачот.

Во табелата се отпечатени следните податоци:

- година на евидентирање, архивски број и дата на барањето, матичен број, седиште и адреса, општина, дејност, број и дата од решението со кое е извршен упис во трговскиот регистер, број и датум на записникот за извршен увид од Државен инспекторат за земјоделство, број и датум на решението за упис во регистарот на откупувачи, број и датум на пријава за промена на име, адреса, седиште или дејност, број и датум на решение за забрана за вршење на дејност (откуп или обработка на тутун, производство и промет на ферментиран тутун), број и датум на решение за бришење од регистарот на откупувачи и забелешки.

Член 4

Водењето на евиденцијата во регистарот на откупувачи на тутун се врши во книга или компјутерски.

Член 5

Образецот на регистарот на откупувачи на тутун е составен дел на овој правилник.

Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.08-13204/7
25 јануари 2007 година
Скопје

Министер,
**Ацо Спасеноски**, с.р.

**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,**
**ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**
**С К О П Ј Е**

**Регистар на откупувачи на тутун**

насловна страница

Реден бр._____

Евиденциски лист за откупувач

________________________________________

Име на откупувачот

| Година на евиденти-рање | Архивски број и дата на барањето | Матичен број | Седиште и адреса | Општина | Дејност | Број и дата од решение-то со кое е извршен упис во трговскиот регистер | Број и датум на записникот за извршен увид од Државен инспекторат За земјоделство | број и датум на решението за упис во регистарот на откупувачи | Број и датум на пријава за промена на име, адреса, седиште или дејност | Број и датум на решение за забрана за вршење на дејност (откуп или обработка на тутун, производство и промет на ферментиран тутун) | Број и датум на решение за бришење од регистарот на откупувачи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |

Забелешки: